2. *Економски развој и социјална кохезија:* кои проекти се наменети за подобрување на инвестиционата клима, подобрување на административните капацитети на централно и локално ниво во областа на фискалната политика (наплата на даноци, контрола на трошоците и сл) и институционална надградба во областа на регионалната политика како придонес за подобра имплементација на националните и регионалните развојни планови.
3. *Acquis:* проекти поврзани со законодавството на ЕУ во областа на јавните финансии, статистика, царинско работење, институционално зајакнување на капацитетите на регулаторните тела, дирекции, инспекторати и управување со земјиштето.
4. *Техничка помош:* проекти наменети за поддршка при подготовка на проекти (изработка на тендерско досие и друга проектна документација како поддршка за реализација на компонентите 3, 4 и 5).

***МБ - Прекугранична соработка;*** Втората компонента од ИПА има за цел да ја зајакне соработката помеѓу пограничните региони на Република Македонија со сите соседни земји, со цел обезбедување и развој на добрососедските односи, зајакнување на стабилноста, безбедноста и просперитетот во заедничките односи на сите земји и поттикнување на нивниот рамномерен развој.

Координацијата на активностите околу реализацијата на средствата од втората компонента на ИПА е обврска пренесена на Министерството за локална самоуправа.

***МВ - Регионален развој;*** Третата компонента има за цел да ја подготви земјата за користење на средствата од Структурните и Кохезионите фондови на ЕУ. Со Оперативната програма за регионален развој 2007-2009 година ќе се финансираат проекти во областа на транспортот (70-80% од вкупните алокации) и проекти во областа на животната средина (20-30% од вкупните алокации).

Имплементатори на реализацијата на проектите финансирани во рамките на Третата компонента на ИПА се Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање.

***МГ - Развој на човековите ресурси;*** Четвртата компонента на ИПА ги поддржува проектите во областа на вработувањето, образованието и социјалното вклучување. Проектите во областа на вработувањето имаат за цел привлекување и задржување на вработените преку подобрување на информатичката инфраструктура на Агенцијата за вработување, поддршка при спроведување на Стратегијата за вработување, подобрување на состојбата на младите луѓе, жените и невработените лица на пазарот на труд. Проектите во областа на образованието се насочени кон инвестиции во човечки капитал преку подобрување на образовниот процес во насока на негово прилагодување на потребите на пазарот на труд како и подеднаков пристап за сите етнички заедници до образовните институции. Проектите во областа на социјалното вклучување се насочени кон зајакнување на интегрирањето на луѓе со посебни потреби, развој на инфраструктура за алтернативни форми на социјални

услуги, за унапредување на социјалната вклученост, интегрирање на малцинствата, како и активно учество на граѓанскиот сектор.

Во реализацијата на проектите финансирани во рамките на четвртата компонента од ИПА учествува Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука.

***МД - Рурален развој;*** Петтата компонента ги поддржува проектите кои ќе овозможат достигнување на стандардите на ЕУ воспоставени во областа на земјоделското производство, преработката на храна и руралниот развој. Помошта преку оваа компонента е насочена кон поддршка на проекти поврзани со инвестиции во земјоделски и преработувачки капацитети и маркетинг на земјоделски производи и риба, како и подобрување и развој на руралната инфраструктура и обука на земјоделците.

Проектите кои се предвидува да бидат финансирани со средствата од ИПА фондовите се наведени во развојниот дел на буџетот.

## Н. ИНФОРМАЦИСКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

Со оваа програма се обезбедува имплементација на проектот-услуги, изработка на идејните сотферски решенија за Е-Влада и електронска здравствена картица, како и имплементација на проектот Документ менаџмент систем.

Активностите од оваа програма се реализираат во рамки на *потпрограмата НА- Развој и имплементација на ИКТ* која ќе овозможи зајакнување на институционалните капацитети на министерствата и другите органи на државната управа, забрзување на циркулацијата на информациите меѓу органите на управата, креирање и водење на централна база на податоци за водење на секторите за информатика на државната управа, со што ќе се обезбеди силна ИТ основа за сите хоризонтални програми и директна и индиректна поддршка во реализацијата на приоритетите на Владата на Република Македонија. Воедно, преку оваа потпрограма ќе се реализираат активностите од проектите “Документ менаџмент систем“, “Поврзување на регистри помеѓу институции“, “Инсталирање на систем за авторизација на јавната администрација“ и “Компјутер за секое дете“ .

# БУЏЕТСКИ ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА

## 01001 ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 72.861 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Претседателот на Република Македонија ја претставува Република Македонија на домашен и меѓународен план, е врховен командант на вооружените сили на Република Македонија, правата и должностите ги извршува врз основа и во рамките на Уставот и законите.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Реализирајќи ги своите активности во текот на 2008 година се постигнати следниве резултати: остварени се активности на планот на натамошен развој на односите и соработката со соседните земји, јакнење на позициите на Република Македонија на меѓународен план и нејзино интегрирање во институциите на меѓународната заедница.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Приоритетите и целите на Претседателот на Република Македонија за 2008 година се следниве: натамошни реформи во Армијата на Република Македонија и прилагодување кон стандардите на НАТО, јакнење на безбедносната состојба и внатрешната стабилност на земјата преку елиминирање на причините кои го кочат функционирањето на правниот поредок, интензивирање на активностите на меѓународен план за афирмација на резултатите од досегашните успешни реформи како услов за целосна интеграција на земјата во Европската Унија, афирмација на Република Македонија пред светската културна и научна јавност како земја со исклучително богато културно и историско наследство преку постојните и организирање други облици и содржини од меѓународен карактер.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 33
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):2.178

### ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА

Во Буџетот на оваа институција за 2009 година е предвидено активностите да се извршуваат во една програма, која опфаќа активности насочени кон ефикасно извршување на обврските кои произлегуваат од функцијата Претседател на државата, постигнување транспарентен однос и ефективна комуникација со јавноста, извршување на задачите согласно Уставот и законите на Република Македонија и реализација на утврдените стратешки приоритети.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на меѓународни посети на Претседателот и возвратни посети на државници од други земји:24

## 01002 АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 190.427 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за разузнавање е посебен орган на државната управа кој е надлежен да собира податоци и информации од значење за безбедноста и одбраната на Република Македонија и за стопанските, политичките и другите интереси на државата. Агенцијата врши анализи и истражувања на податоците и информациите и задолжително ги известува Претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија и другите државни органи за прашања од значење за нивниот делокруг на работа.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 И ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Во извршувањето на утврдените законски функции и надлежности, Агенцијата за разузнавање ги реализира планираните активности во 2008 година и има утврдени приоритети и цели за 2009 година кои се во насока на успешно извршување на зацртаните активности.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 247
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):759

### ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА

Буџетот на Агенцијата за разузнавање за 2009 година предвидува две буџетски програми:

Програма 1- Администрација, ги опфаќа активностите кои се во насока на поддршка на основните законски активности на Агенцијата.

Програма 2 – Разузнавање, ја вклучува целокупната дејност на Агенцијата за разузнавање, пропишана со Законот за Агенцијата за разузнавање („Службен весник на РМ„ број 19/95).

## 02001 СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 603.223 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Собранието на Република Македонија е носител на законодавната власт во државата. Организацијата и функционирањето на Собранието на Република Македонија се утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Во текот на 2008 година Собранието на Република Македонија донесе 195 закони, 61 одлука, 1 резолуција, 2 сратегии, 1 програма, донесен е нов Деловник на Собранието, извршено е конституирање на новиот парламент, реализирани се активности од меѓународната соработка на делегации на Собранието со учество во работата на Парламентарното собрание на СЕ, постојните комисии на ПС на СЕ, Парламентарно собрание на ОБСЕ, Конференција на СЗЕУ и комисии на Собранието на Западноевропската унија, Парламентарното собрание на НАТО, Подкомисијата за миграции на ПС на СЕ и на Меѓународната парламентарна конференција за глобализација и миграциски процеси, Парламентарното собрание на Франкофонијата. Остварени се повеќе официјални посети на делегации и претседатели на

парламенти на други држави на Собранието, одржана е Конференција на претседатели на комисиите за надворешни работи и одбрана на земјите членки на НАТО, земјите од Јадранската група и земјите од ПзМ од регионот, отпочнато е со реализација на активности за ентериерно уредување на Сала 2 во библиотека на Собранието, реализација на проектот за еПарламент, набавка на информатичка и видео опрема. Изработена е проектна документација и ревизија на Проектот за доградба, надградба и адаптација на објектот на Собранието на Република Македонија. Извршено е поврзување на Собранието на Република Македонија со Македонската радио дифузија и набавка на студиска опрема за опремување на салите за активности на работните тела на Собранието.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Основни приоритети и цели на Собранието на Република Македонија за 2009 година се: остварување на функциите на Собранието утврдени со Уставот на Република Македонија и Деловникот на Собранието на Република Македонија, реализација на програмата на Собранието за соработка со меѓународни организации и институции, донесување на закони, подзаконски акти, одлуки, декларации и резолуции и слично заради приближување кон стандардите на Европската унија.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 339
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.326

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во Буџетот на Собранието на Република Македонија за 2009 година се предвидени две буџетски програми.

Програма 2-Собрание на Република Македонија. Преку оваа програма се овозможува ефикасно и навремено извршување на сите активности на Собранието на Република Македонија. Со реализирање на Проектот канцеларии за комуникација со граѓаните заради обезбедување на достапност на пратениците на граѓаните и обезбедување на дирекни услуги на граѓаните, а со доградбата на собраниската зграда ќе се обезбеди работен простор за пратениците, вработените и за функционирање на Собранискиот канал.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на денови на одржани седници: 165

Програма 3-Собраниски канал, опфаќа активности поврзани со финансирањето на програмскиот сервис наменет за емитирање на активностите поврзани со работата на Собранието на Република Македонија.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на часови на пренесени седници: 1.190

## 02002 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 159.971 илјади денари**

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Државниот завод за ревизија е единствен, самостоен и независен орган основан со Закон за државната ревизија во 1997 година од страна на Собранието на Република Македонија со задача да обезбеди контрола на

законското и наменското трошење на јавните средства, јакнење на финансиската дисциплина, отчетноста, ефикасноста, економичноста, и ефективноста на субјектите кои управуваат со јавните средства. Согласно Регулативата на Европската Комисија, а за воведување на ИПА инструментот за пред-пристапна помош, во рамки на Државниот завод за ревизија формирано е функционално независно Ревизорско тело за пред-пристапни фондови на Европската Унија.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Континуирано преземање активности за спроведување и реализација на Стратегијата за развој на ДЗР во периодот 2006 – 2010. Во текот на првиот квартал од 2008 година е изготвен, објавен и доставен Годишен извештај на ДЗР за 2007 година до Собранието на Република Македонија и сите релевантни институции. Во истиот период извршена е навремена и квалитетна подготовка на ревизорските екипи за претстојните ревизии во поглед на обезбедување податоци и Годишни сметки од субјектите кои се опфатени со Годишната програма на ДЗР за 2008 година. Во рамките на активноста за дефинирање на правната рамка за државната ревизија и работењето на ДЗР изготвен е предлог за нов закон за државна ревизија усогласен со стандардите и критериумите на ЕУ. Успешно се реализира Стратегијата за развој на државната ревизија и Државниот завод за ревизија во периодот 2006-2010 година, се оствари успешна меѓнародна соработка, твининг проектот со ХСР во чии рамки се спроведоа пилот ревизии во областа на финансиската ревизија, ревизии за посебна намена и ИТ ревизија. Изработени се нови предлог акти на организација и систематизација на работни места во Државниот завод за ревизија.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Како приоритетна цел за 2009 година предвидена е успешна реализација на сите надлежности на ДЗР утврдени со Законот за државната ревизија и други системски закони, утврдување на правна рамка за независен и самостоен буџет на државната ревизија, како и реализација на планираните ревизии и задачи утврдени со Акциониот план за 2009 година и Стратегијата за развој на ДЗР 2008-2012, во функција на нејзино целосно остварување, успешна имплементација на европското законодавство, методологии и стандарди за извршување на ревизиите и високо ниво на компетентност и ефикасност на ревизорскиот кадар и институцијата во целина, врз основа на стекнатите искуства од меѓународната соработка со други врховни ревизорски институции и меѓународни организации; натамошна активна меѓународна соработка со учество во активностите на комитетите и работните групи на ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, Европскиот суд на ревизори и со други врховни ревизорски институции.

*ИНДИКАТОРИ:*

Број на вработени: 95

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):1.610

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во Буџетот на оваа институција за 2009 година се планирани две буџетски програми и тоа:

Програма 2- Државна ревизија, подразбира испитување на документите, исправите и извештаите на извршената внатрешна ревизија, тестирање на интерните контроли, сметководствените и финансиските постапки, електронски податоци и информациони системи и други евиденции од аспект на тоа дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската

положба и резултатот на финансиските активности во согласност со прифатените сметководствени начела и сметководствени стандарди. Државната ревизија претставува и постапка на испитување на финансиските трансакции кои претставуваат расходи во смисла на законско и наменско користење на средствата, како и давање оцена за користењето на средствата од аспект на постигнатата економичност, ефикасност и ефективност.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на извршени ревизии: 100

Програма 3- Ревизорско тело за пред-пристапни фондови на Европската Унија во Република Македонија. Согласно Регулативата на Европската комисија бр. 718/2007 од 12 Јуни 2007 за имплементација на Регулативата на Советот на Европа бр 1085/2006 од 17 Јули 2006 година за воведување на инструментот за пред - пристапна помош (ИПА), во рамките на Државниот завод за ревизија се формира функционално независно Ревизорско тело за пред-пристапни фондови на Европската Унија во Република Македонија, согласно барањето на Европска Унија за вршење на ревизија на поставеноста и функционалноста на структурните и контролните системи за управување со пред-пристапните фондови на Европската Унија во Република Македонија. Ревизорското тело врши верификација на: ефикасноста во функционирањето на системите за раководење и контрола на пред-пристапните фондови на Европската Унија во Република Македонија и веродостојност на сметководствените трансакции и информации доставени до Европската Комисија.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на извршени ревизии:100

## 02003 ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 23.800 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државната комисија за спречување на корупцијата е самостоен државен орган со својство на правно лице, формирана врз основа на Законот за спречување на корупцијатата ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 07/07 і 10/08). Државната комисија е надлежна за примена и на Законот за спречување на судир на интереси ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/2007).

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Во текот на 2008 година донесена е Државна програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси, остварена е имплементираност на најголем дел од краткорочните активности предвидени со Државната програма за превенција и репресија на корупцијата, одржана е конференција помеѓу сродни институции од регионот заради зајакнување на меѓународната соработка и зајакнат е капацитетот на Државната комисија преку нови вработувања.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Основни стратешки приоритети и цели на Државната комисија за спречување на корупцијата се имплементацијата на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и Акциониот план, имплементација на Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси, зајакнување на јавната свест, јакнење на меѓународната и меѓуинститу-ционалната соработка, спроведување на истражувачки активности,

мрежно поврзување со базата на податоци на Управата за јавни приходи и подигнување на јавната свест за борбата против корупцијата.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 16
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):1.406

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Со Буџетот на Државната комисија за спречување на корупција за 2009 година е предвидена една програма која ги вклучува активностите за спречување и борба против корупцијата како и спречување на судирот на интереси, што ќе овозможи владеење на правото и намалување на нивото на корупцијата, поголема транспарентност и јакнење на институциите, враќање на довербата на граѓаните во институциите на системот, јакнење на економијата, подигање на степенот на инвестициите,

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на реализирани активности и систем на следење на работењето на институциите: 128

## 02004 ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 442.368 илјади денари

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Државната изборна комисија се грижи за законитоста во подготовката и проведувањето на изборите за претседател на Република Македонија, пратеници, градоначалници, советници, во спроведување референдуми. За единственоста на изборниот процес на целата територија на Република Македонија, пропишува упатства и стандарди за спроведување на изборите и врши едукација и надзор над изборните органи.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Во текот на 2008 година успешно е спроведен изборниот процес за предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Основни приоритети и цели на Државната изборна комисија се успешно спроведување на локалните избори и претседателските избори во 2009 година и унапредување на изборниот процес со воспоставување на стандарди, спроведување на обуки и семинари, спроведување на изборните активности и процеси.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 17
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.198

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во рамките на Буџетот на Комисијата за 2009 година планирана е една буџетска програма која ги вклучува активностите на Државната изборна комисија и сите стручно-административни работи чии основни цели се успешна реализација на законските функции и утврдените приоритети за 2009 година.
*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на одржани едукативни семинари по денови: 22

## 02005 КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 24.220 иљјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно со Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија" број 4/2005, 70/2006 и 22/07) е самостоен државен орган со својство на правно лице. Основна цел на Комисијата е обезбедување слободна конкуренција на домашниот пазар заради поттикнување на економска ефикасност и благосостојба на потрошувачите. Ја утврдува методологијата за истражување на пазарот, утврдува правила и мерки за заштита на конкуренцијата, мерки за отстранување на спречувањето, ограничувањето или нарушувањето на конкуренцијата и друго предвидено со закон. Комисијата ги следи и анализира состојбите на пазарот до степен потребен за развој на слободна и ефекасна конкуренција, води постапкли и донесува одлуки согласно одредбите од законите. Комисијата согласно Законот зца државна помош ("Службен весник на Република Македонија" број 24/03, 70/06 и 55/07) врши контрола на државната помош која се доделува во Република Македонија, со исклучок на државната помош која се доделува во областа на земјоделството и рибарството.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Во текот на 2008 година донесени се 35 одлуки во делот на конкуренцијата, заклучно со месец јули донесени се: 1 одлука во управна постапка, 4 одлуки за прекршочна постапка за изречени казни, 19 одлуки за концентрации, 4 мислења по предлози за закони, 11 одлуки за компатибилност на државната помош и дадени се 2 мислења. Спроведени се активности за подигнување на јавната свест преку зголемување на познавањата кај давателите на државната помош. Спроведени се активности за ажурна и правилна примена и спроведување на прописите од областа на заштита на конкуренцијата и државната помош. Склучени се меморандуми за меѓусебна соработка со секторските регулаторните тела заради решавање на поединичени предмети и заеднички пристап кон одредени појави на пазарот. Реализирана е интензивна меѓународна соработка, првенствено со Европската Комисија-Генералниот Директорат за конкуренција, како и со сродни тела за заштита на конкуренцијата од другите земји, особено со соседните. Комисијата активно учествуваше во подготовките за отпочнување на процесот на преговори за пристапување на Република Македонија во ЕУ, посебно поглавјето 8-за политика на конкуренција.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Основни приоритети и цели на Комисијата за заштита на конкуренцијата се превземање на активности за поефикасна примена на заштитата на конкуренцијата, а со цел економска ефикасност и благосостојба на потрошувачите; подигнување на јавната свест и промоција на политиката на конкуренција во земјата; спроведување на сеопфатна контрола на државната помош која се доделува во Република Македонија и подигање на свеста кај давателите на државна помош со што ќе се постигне навремено известување за планираната државна помош; следење на пазарот на телекомуниацискиуслуги, анализирање и истражување на поединечни пазари каде има облежја на ограничувања од административна или техничка природа, односно содржат одредени препреки кои го оневозможуваат или спречуваат развојот на конкуренцијата или воопшто конкуренцијата на тој пазар; продолжување на меѓународната соработка, првенствено со Европската Комисија-Генералниот Директорат за конкуренција, како и со сродни тела за заштита на конкуренцијата од другите земји.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 22
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):1.094

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во рамките на Буџетот на Комисијата за 2009 година планирана е една буџетска програма која ги вклучува активностите за поефикасна примена на заштитата на конкуренцијата и интензивирање на активностите за подигање на јавната свест и промоција на политиката на конкуренцијата во земјата. Комисијата согласно Законот за државна помош ќе соработува со институциите даватели на помошта за да се постигне навремено известување и планирање на државната помош.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на донесени одлуки и изречени казни во текот на годината: 35

## 02006 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 15.547 илјади денари**

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ:**

Дирекцијата за заштита на личните податоци согласно Законот за заштита на личните податоци (“Службен весник на Република Македонија” број 7/2005 и 103/08) е самостоен и независен државен орган со својство на правно лице. Дирекција е основана заради вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработувањето на лични податоци и нивна заштита на територијата на Република Македонија.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Во текот на 2008 година Дирекцијата продолжи со континуирано вршење на контрола и надзор над законитоста на обработката на личните податоци врз контролорите. Од страна на Дирекцијата спроведени се активности за подигање на јавната свест на граѓаните за правото на заштита на личните податоци, активности во врска со донесените: Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на лични податоци и Закон за ратификација на Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за заштита на поединците во поглед на автоматската обработка на личните податоци 108/81, во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоци на Советот на Европа, дадени се стручни мислења во областа на телекомуникациите, подготвена е Годишна програма за вршење надзор и друго

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Приоритети и цели на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2009 година преставува имплементација на Законот за заштита на личните податоци со поднесување на подзаконските акти, развивање на односите со јавноста и подигање на јавната свест, воспоставување и интензивирање на инспекциски надзор над обработката на збирките на личните податоци, докомплетирање на информатичката инфраструктура и континуирано надградување на истата.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 19
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):788

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Дирекција за заштита на личните податоци за 2009 година предвидува една програма, која ги опфаќа сите активности кои ги извршува Дирекцијата за заштита на личните податоци со цел за успешно реализирање на зацртаните приоритети, цели и на законски утврдените функции.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*

Број на реализирани контроли кај правни субјекти кои водат збирки на лични податоци: 100

## 02007- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 12.000 иљади денари**

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Реформите во домашниот систем на јавните набавки кои ќе се имплементираат со новиот Закон ќе бидат насочени кон правната заштита во постапките за доделување на договорите за јавни набавки и формирање на Државна комисија за жалби по јавни набавки. Истата ќе треба да ја замени досегашната комисија Комисија за жалби по јавни набавки при Владата на Република Македонија.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Приоритети и цели на Државна комисија за жалби по јавни набавки во 2009 година се создавање на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки, како и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во рамките на Буџетот на Комисијата за жалби по јавни набавки за 2009 година е планирана една буџетска програма која ги опфаќа активностите за извршување на утврдените надлежности на Комисијата. Основните цели на програмата се успешно спроведување на законските надлежности и ефикасна реализација на утврдените приоритети на институцијата.

## 03001 УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 41.452 иљади денари**

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Уставен суд на Република Македонија е орган на Републиката кој ја штити уставноста и законитоста. Уставниот суд го сочинуваат девет судии. Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со уставот, ги штити човековите права и слободи, решава за судир на надлежности меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт, одлучува за одговорноста на Претседателот на Републиката и други прашања утврдени со Уставот.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Реализирајќи ги своите законски активности во текот на 2008 година, Уставниот суд спроведе постапки за одлучување на уставноста на закони и на

уставноста и законитоста на други прописи, како и за заштита на слободите и правата на граѓаните предвидени во членот 110 став 3 од Уставот на Република Македонија.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во текот на 2009 година се очекува зголемување на обемот на примени предмети кои ќе бидат предмет на оценување на уставноста и законитоста. Вршејќи ги овие редовни активности основната цел е зголемување на ефикасноста во одлучувањето по добиените предмети во функција на правилна заштита на Уставноста и законитоста и заштита на слободите и правата на граѓаните кои се во надлежност на Уставниот Суд.

*ИНДИКАТОРИ:*

Број на вработени: 29

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.426

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Уставниот суд за 2009 година предвидува една буџетска програма 2-Уставен суд, која ги опфаќа сите активности кои ги извршува Уставниот суд со цел за успешно реализирање на зацртаните приоритети и на законски утврдените функции.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*

Број на примени предмети во текот на годината: 470

## 04001 - ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 910.403 илјади денари**

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Владата на Република Македонија ја утврдува економската и развојната политика на државата, утврдува мерки за нејзино остварување и му предлага мерки на Собранието за остварувањето на политиката што се од негова надлежност, ја утврдува политиката на извршување на законите и другите прописи на Собранието, го следи нивното извршување, и врши други работи утврдени со закон.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Владата на Република Македонија во 2008 година ги подготви Предлогот на одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата за 2009 година и Предлогот на годишната програма за работа на Владата за 2008 година, како и следење на нивното спроведување; придонесе за подобрување на ефикасноста на Владата во однос на подготвувањето и следење на спроведување на стратешките приоритети на Владата, годишната програма за работа и заклучоците на Владата и зголемување на ефикасноста при донесувањето на одлуките на Владата; го координираше процесот на стратешко планирање во министерствата и другите органи на државната управа; спроведе обука на вработените во министерствата и другите органи на државната управа за подобрување на стратешките планови; подготви Анализа за остварување на стратешките приоритети на Владата, работеше на анализирање на политиките и координација; ги унапреди механизмите за координација на реформата на јавната администрација; работеше на јакнење на соработката со невладините организации и други правни лица; ги унапреди механизмите за координација на реформата на јавната администрација; ја унапреди координацијата на економските реформи во функција на подобрување на бизнис климата и привлекување на странски инвестиции;

работеше на развојот на информатичката технологија; ја подобри транспарентноста во работењето на Владата и ги разви односите со јавноста.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Активностите на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија во 2009 година ќе бидат насочени особено на анализата на остварувањето на стратешките приоритети на Владата за 2008 година и подготвување на Предлогот на одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата за 2010 година; следење на спроведувањето на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2009 година и подготвување на Предлогот на годишната програма за работа на Владата за 2010 година; унапредување на процесот на стратешкото планирање во министерствата и другите органи на државната управа; развивање на анализата на политиките и администрацијата; спроведување на Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор; подобрување на следењето на спроведувањето на заклучоците на Владата; воспоставување на регулаторен менаџмент систем во министерствата и во Генералниот секретаријат на Владата; координација на економските реформи во функција на подобрување на бизнис климата и привлекување на инвестиции

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 352
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.365

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Владата на Република Македонија ќе се реализира преку следните програми:

Програма 1 – Администрација. Активностите на оваа програма опфаќаат: координирање и анализа на владините политики, извршување на организациони работи поврзани со работа на Владата, работи поврзани со управување со човечките ресурси и работи поврзани со односи со јавноста. Основна цел на оваа буџетска програма е да обезбеди ефикасна поддршка во спроведување на владините политики и активности. Во рамките на буџетската програма Администрација се вклучени и активностите на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на патувања во земјата и странство (денови): 550

Програма 3 -Информатичка поддршка на Владата. Оваа буџетска програма има за цел надградба и одржување на системот за информатичка технологија со стремеж кон развој и одржување на е-Влада.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на лица кои се вклучени на одржани седници од далечина: 900

## 04002 - СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.181.749 илјади денари**

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Организацијата и делокругот на работа на Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија се утврдени со Одлука за основање на Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија. Согласно со Одлуката Службата за општи и заеднички

работи во Владата на Република Македонија ги врши општите и заедничките услуги за потребите на Собранието на Република Македонија, Претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија, Републичкиот судски совет и другите органи на државната управа.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Во текот на 2008 година Службата за општи и заеднички работи имаше успешна реализација и логистичка поддршка за организацијата на Самитот на претседатели од Централна Европа, кој се одржа во Охрид.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Приоритетни активности на Службата за општи и заеднички работи во оваа година се: реконструкција на конгресната сала во Влада на Република Македонија; промена на фасадата на објектот на Владата на Република Македонија; реконструкција, адаптација и климатизација на објектот МРТВ; изградба на административна зграда за Уставен суд на Република Македонија, Државен архив на Република Македонија и галерија.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 320
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.378

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Службата за општи и заеднички работи ќе се реализира преку следните програми:

Програма 1 – Администрација. Оваа буџетската програма опфаќа активности кои се однесуваат на спроведување на нормативно-правни, стручно-администра-тивни и кадровски работи, финансиско-материјално, аналитичко и комерцијално работење, инвестициони работи и организација на одржувањето на објектите. Преку оваа програма се извршуваат активностите за превоз и одржување на моторни возила, како и активности поврзани со давање угостителски услуги за потребите на Претседателот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и другите органи на државна управа.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Одржување на хигиена во м2: 90.733 м2

Програма 2 - Поранешен претседател. Во рамките на оваа програма се планира реализација на промотивни активности на државата со цел успешно презентирање на Република Македонија во надворешната политика.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на дневници во земјата и странство: 200

Програма 3 - Авио служба. Оваа буџетска програма ги опфаќа активностите поврзани со превоз со воздухоплов за потребите на Претседателот на Република Македонија Собрание на Република Македонија, Претседателот на Влада на Република Македонија и други органи на државната управа.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на налетани часови: 350

## 04003 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 21.925 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Секретаријатот за законодавство ги врши работите што се однесуваат на обезбедувањето на конзистентноста на правниот систем и давање стручни мислења за усогласеноста на предлозите на законите и на другите прописи со Уставот на Република Македонија, со законодавството на Европската унија и со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија. Исто така, Секретаријатот е надлежен по барање на Министерството за локална самоуправа, да подготвува стручни мислења по прописите на општините.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Во текот на 2008 година, преку извршените обуки по Прирачникот за номотехнички правила, за правилна номотехничка изработка на закони и други прописи обучени се над 250 државни службеници; изготвен е текстот на Прирачникот за транспонирање на законодавството на ЕУ во законодавството на РМ; изготвени се над 6.000 стручни мислења по доставените предлози на закони и други прописи и акти .

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година Секретаријатот за законодавство предвидува јакнење на капацитетите на органите на државната управа во процесот на транпонирањето на ЕУ законодавството во законодавството на РМ; успешно спроведени обуки за имплементација на прирачникот за номотехнички правила; изработка на над 6.500 стручни мислења по доставените предлози на закони и други прописи и акти.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени:20
Оперативни расходи по вработен (во илјада денари): 981

### ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА

Буџетот на Секретаријатот за законодавство за 2009 година предвидува една програма, во која се опфатени активностите кои произлегуваат од редовната законски утврдена дејност на институцијата и се во функција на успешно остварување на зацртаните приоритети.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на обучени лица: 300

## 04006 ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 67.500 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државното правобранителство на Република Македонија е државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија. Државното правобранителство ги остварува своите надлежности врз основа на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Во текот на 2008 година Државното правобранителство на Република Македонија во рамките на своите надлежности обезбеди соодветна правна заштита на имотните права и интереси на Републиката. Покрај ова организирани се и советувања со едукативен карактер за разрешување на определени правни прашања кои произлегуваат од тековното работење на Државното правобранителство.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Основните приоритети и цели на оваа буџетска институција за 2009 година се обезбедување на ефикасна правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и застапување на Републиката и нејзините органи пред судовите, други органи и правни лица.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени:94
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 661

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Државно правобранителство за 2009 година предвидува една буџетска програма 2-Државно правобранителство, која ги опфаќа сите редовни активности на институцијата со цел за успешно извршување на основните законски функции.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на предмети по кои се постапува во текот на годината: 98.000

## 04007 - АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 20.984 илјади денари

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Агенцијата за развој и инвестиции основана како самостоен орган на државната управа во својство на правно лице ги врши активностите поврзани со реализација на програмата за развој и инвестиции, утврдување на поволности за приватни инвестиции на домашни и странски лица, активности поврзани со договорите на трансфер на капитал, спроведува мерки на инвестициона политика и странски вложувања, остварување на инвестициони работи што ги изведуваат странски лица во Република Македонија, размена на информации за можности на инвестирање, промоции и грижа за спроведување на обезбедените инвестиции во Република Македонија и врши работи утврдени со закон.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Во текот на 2008 година Агенцијата за развој и инвестиции континуирано врши активности поврзани со програмата за развој и инвестиции како што се детектирање на потенцијалните можности и потреби на инвестирање како начин на отварање на нов циклус на прилив на средства, промовирање на сервисни услуги на можни инвеститори за формирање на погодности за инвестирање и создавање услови за инвестирање на нови инвестициони објекти на Република Македонија. Вградување на закон за стратешки планирања од аспект на инвестициони програми и проекти, давање

информации од јавен карактер за привлекување на инвеститори. Во 2008 година реализирано е следење и мониторинг на кредитокорисници, реализација на хипотеки на дадени кредити на правни и физички лица, наплата на кредити од Тајванска кредитна линија како и наплата на станови од проектот !'Стан за секого!'.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Активностите на Агенцијата за развој и инвестиции во текот на 2009 година се опфатени со реализација на предвидените програмски активности за економска промоција на инвестициски потреби и поволности, привлекување на странски инвестиции и нивна реализација во согласност со законските надлежности со владината програма за потикнување на инвестициите во Република Македонија за 2007-2010 година и промоција на инвестициони проекти. Со реаллизација на предвидените активности за економска промоција се очекува позитивно влијание врз економијата, вработувањето, животната средина и др.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 19
Оперативни расходи по вработен (во илјада денари): 789

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Агенцијата за развој и инвестиции за 2009 година предвидува една програма, во која се опфатени активностите Агенцијта како и промоција на инвестициски потреби и поволности, привлекување на странски инвестиции и нивна реализација во согласност со законските надлежности со владината програма за потикнување на инвестициите во Република Македонија за 2007-2010 година како и промоција на инвестициони проекти.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на кредитокорисници од Тајванска кредитна линија:20

## 04008 - АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 65.660 илјади денари

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Агенцијата за државни службеници е самостоен државен орган, надлежен за вршење на стручни, управни и други работи што се однесуваат на статусот, правата, должностите и на одговорностите на државните службеници. Агенцијата формулира, промовира и развива политика на управување со човечките ресурси во државната администрација, во координација и соработка со органите на централната власт и единиците на локална самоуправа.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Разбирање, прифаќање и почитување на Законот за државните службеници и неговите принципи, од сите релевантни заинтересирани страни; спроведување и унапредување на воспоставениот, доверлив, ефикасен, конзистентен, одговорен, едноставен и автоматизиран, систем за селекција и вработување на државни службеници, заснован на принципите на стручност и компетентност (merit) и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и препознавање на Агенцијата како совесен и непристрасен арбитер на овој систем; градење на стручни и добро раководени државни службеници и обезбедување на домашно и меѓународно признание за високиот квалитет на нивните постигнувања; препознавање на Агенцијата за државни

службеници како проминентен и доверлив имплементатор на хоризонталната координација на развојот и управувањето со човечките ресурси; формирање на сеопфатна информативна база на податоци за државните службеници, за управување со човечките ресурси; обезбедување и спроведување на обука и развојни совети, засновани на понудата од приватниот и јавниот сектор во Република Македонија.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Подобрување на законската рамка за државни службеници; изменувања и дополнувања на Законот за државните службеници; изменувања и дополнувања на релевантни подзаконски акти на Агенцијата; мрежа за соработка меѓу Агенцијата, Генералниот секретаријат, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за правда и Министерството за финансии; управување и развој на човечките ресурси; спроведување на Националниот систем за координација на обуката на државните службеници; спроведување на Стратегијата за обука на државните службеници во Република Македонија 2009-2011; обуки за државните службеници на теми релевантни за нивниот развој; мрежа на одделенија за управување со човечките ресурси во министерствата и другите државни органи; спроведување на законските надлежности и давање на клучни услуги на корисниците. Разбирање, прифаќање и почитување на Законот за државните службеници и неговите принципи, од сите релевантни заинтересирани страни; спроведување и унапредување на воспоставениот, доверлив, ефикасен, конзистентен, одговорен, едноставен и автоматизиран, систем за селекција и вработување на државни службеници, заснован на принципите на стручност и компетентност (merit) и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и препознавање на Агенцијата како совесен и непристрасен арбитер на овој систем; срадење на стручни и добро раководени државни службеници и обезбедување на домашно и меѓународно признание за високиот квалитет на нивните постигнувања; препознавање на Агенцијата за државни службеници како проминентен и доверлив имплементатор на хоризонталната координација на развојот и управувањето со човечките ресурси; формирање на сеопфатна информативна база на податоци за државните службеници, за управување со човечките ресурси; обезбедување и спроведување на обука и развојни совети, засновани на понудата од приватниот и јавниот сектор во Република Македонија.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 54
Оперативни расходи по вработен(во илјади денари): 989

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Агенција за државни службеници ќе се реализира преку следниве програми:

<u>Програма 2 - Агенција за државни службеници.</u> Оваа програма е наменета за Спроведување на Законот за државните служеници, обезбедувајќи дека тој е реално и практично остварлив и во чекор со современите потреби и реформските текови во Република Македонија.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на пријавени кандидати:50.000

## 04009 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 661.143 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Секретаријатот за европски прашања е институција за вршење на работите поврзани со европските прашања и обезбедување на координација на органите на државната управа и другите органи и институции, како и за вршење на други стручни работи од оваа област. Секретаријатот за европски прашања ги врши работите што се однесуваат на: следење и проучување на политиките и законодавството на ЕУ, координација и стручна поддршка на процесот на приближување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, следење и преземање мерки за имплементација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и ЕУ, изградба и зајакнување на институционалната инфраструктура неопходна за интеграција на Република Македонија во ЕУ, долгорочно планирање на ресурсите за поддршка на процесот за интеграција во ЕУ, оспособување на јавната администрација за интеграција во ЕУ, координација на мрежата на одделенија за европска интеграција во министерствата и другите органи на државната управа, програмирање и планирање на приоритетите на Република Македонија за користење на странската техничка помош, регулирање на односите со донаторите и спроведувањето на програмите за техничка помош, поддршка на телата на Владата, чиј делокруг е во областа на интеграцијата на Република Македонија во ЕУ, управување на процесот на преведување на законодавството на ЕУ и на други материјали во врска со процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ, спроведување на стратегија за комуникација со јавноста за процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ, воспоставување, управување и одржување на централни бази на податоци за поддршка на процесот на европска интегација и други работи кои произлегуваат од координацијата, поддршката и насочувањето на процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

| 630 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 6.150 | 0 | 0 |
| **Донации** | | **55.350** | **0** | **0** |
| 785 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 31.344 | 0 | 0 |
| 785 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 14.596 | 0 | 0 |
| 785 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 9.410 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | | **61.500** | **0** | **0** |

**Раздел 16101 АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ**

Потпрограма 2А СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ

Опис и цели Со Програмата на Владата на Република Македонија за период од 2008-2012 година планирано е да се реализираат капитални инвестиции во спортската инфраструктура и тоа меѓуостанатите и за следните проекти: 35 спортски сали, 50 фудбалски игралишта, олимписки базени,100 тениски игралишта, спортско стрелиште и вештачка карпа. Во износот на планираните потребни средства за изградба на капиталните инвестиции вкалкулирани се и придружните трошоци на инвестициите (исплата за изготвување на целокупна проектна документација, ревизии на истата, геомеханички испитувања, надзорен орган, консултантски услуги, објави и сл).

во илјади денари

| Извор на финансирање Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **390.000** | **473.000** | **543.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 390.000 | 473.000 | 543.000 |
| **Вкупно** | **390.000** | **473.000** | **543.000** |

**Раздел 17001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО**

Потпрограма НА РАЗВОЈ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИКТ

Опис и цели Преку активностите предвидени во оваа програма ќе се овозможи зајакнување на институционалните капацитети на министерствата и другите органи на државната управа, забрзување на циркулацијата на информациите меѓу органите на управата, креирање и водење на централна база на податоци за водење на секторите за информатика на државната управа, со што ќе се обезбеди силна ИТ основа за сите хоризонтални програми и директна и индиректна поддршка во реализацијата на приоритетите на Владата на Република Македонија. Воедно, преку оваа потпрограма ќе се реализираат активностите од проектите "Документ менаџмент систем", "Поврзување на регистри помеѓу институции", "Инсталирање на систем за авторизација на јавната администрација" и "Компјутер за секое дете" .

во илјади денари

| Извор на финансирање Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **1.674.500** | **467.000** | **467.000** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 225.000 | 326.000 | 326.000 |
| 630 46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 20.000 | 61.000 | 61.000 |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 1.429.500 | 80.000 | 80.000 |
| **Вкупно** | **1.674.500** | **467.000** | **467.000** |

**Раздел 18001 МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Терминот Програми и Агенции на Заедницата е интегриран сет на активности усвоен од ЕУ поради промовирање на соработката помеѓу земјите членки на ЕУ во различни специфични области поврзани со политиките на ЕУ во период од неколку години кои се подготвуваат врз база на алокации од Генералниот Буџет на ЕУ. Учество во Програми и Агенции на Заедницата е овозможено и на земјите кандидати за членство во ЕУ и истите би им биле од голема корист за запознавање на нивните граѓани со политиките и методи на ЕУ. Секоја земја сама одлучува во кои Програми на Заедницата има интерес да учествува, а самото учество подразбира обврска за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ. Министерството за култура е носител на две Програми - Култура и Медиа кои имаат за цел развој на културната соработка во Европа преку промовирање на транснационалната мобилност на сите кои работат во секторот култура, охрабрување на транснационалната распространетост на уметнички дела и културни производи, поттикнување на интеркултурен дијалог, зголемување на европскиот аудивизуелен сектор и зголемување на проток на аудиовизуелни производи во рамки и надвор од ЕУ. Средствата планирани во рамките на оваа потпрограма се наменети за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **3.690** | **1.968** | **1.992** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 3.690 | 1.968 | 1.992 |
| **Донации** | **0** | **1.722** | **1.698** |
| 785 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 1.722 | 1.698 |
| **Вкупно** | **3.690** | **3.690** | **3.690** |

**Раздел 19001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Потпрограма 1А РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ОБЈЕКТИТЕ НА ЈЗУ ВО РМ

Опис и цели Целта на оваа потпрограма е подобрување на здравствената заштита на граѓаните на Република Македонија преку обезбедување на подобри услови за дијагностика и престој, дневни болници и краткотраен престој. Ефектот кој се очекува од реализацијата на реконструкцијата и доградбата на објектите на ЈЗУ во Република Македонија е подобрениот здравствен статус на населението, подобрена состојба на здравствените објекти и услови за давање на квалитетна здравствена заштита на пациентите. Со проектот се планира да бидат опфатени вкупно четириесет јавни здравствени установи.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | Година | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | | **26.000** | **46.000** | **49.000** |
| 630 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 3.000 | 3.000 | 3.000 |
| 630 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 23.000 | 43.000 | 46.000 |
| **Заеми** | | **60.000** | **200.000** | **250.000** |
| 786 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 60.000 | 200.000 | 250.000 |
| **Вкупно** | | **86.000** | **246.000** | **299.000** |

Потпрограма 1Б МЕДИЦИНСКА ОПРЕМА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈЗУ ВО РМ

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се опфатени активности за набавка на неопходната медицинска опрема со која ќе се овозможи подобрување на здравствените услуги за граѓаните на Република Македонија, преку обезбедување на подобри услови за дијагностика и престој, дневни болници и краткотраен престој на лицата кои имаат потреба од здравствена заштита.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | Година | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | | **120.000** | **123.000** | **123.000** |
| 630 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 120.000 | 123.000 | 123.000 |
| **Вкупно** | | **120.000** | **123.000** | **123.000** |

**Раздел 19001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Потпрограма 1В ИЗГРАДБА НА АМБУЛАНТИ ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА

Опис и цели Целта на оваа потпрограма е подобрување на условите за пружање на здравствена заштита на населението во руралните подрачја, подобрување на здравјето на населението и намалувањето на трошоците за пристап до здравствените услуги. Планирана е изградба на 18 амбуланти, од кои 8 во 2009 година и 10 во 2010 година. Изградбата на руралните амбуланти ќе придонесе за намалување на морбидитетот на населението, подобрување на квалитетот на живеењето и запирање на процесот на миграција село-град.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **23.920** | **20.000** | **0** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 23.920 | 20.000 | 0 |
| **Вкупно** | **23.920** | **20.000** | **0** |

Потпрограма 1Г ИНТЕГРИРАН ЗДРАВСТВЕН ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМ

Опис и цели Целта на оваа потпрограма е зголемување на квалитетот на здравствените услуги преку воведување на нов систем на работа и контрола на процесите. Преку интегрираниот здравствен информатички систем ќе се обезбедат ефикасни здравствени услуги на пациентите. Инвестицијата опфаќа набавка на хардвер и софтвер, со цел комуникација на сите здравствени установи преку еден централен систем кој ќе ги содржи сите информации за пациентите со воведување на електронско медицинско досие. Првата година, проектот ќе се реализира преку седум пилот болници, а потоа ќе се изврши интегрирано поврзување на Министерството за здравство, ФЗОМ, ЈЗУ во Република Македонија и останати даватели на здравствени услуги.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **30.000** | **61.000** | **100.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 30.000 | 61.000 | 100.000 |
| **Вкупно** | **30.000** | **61.000** | **100.000** |

**Раздел 19001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Потпрограма 1Д ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНА КАРТИЧКА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се опфатени активностите околу реализацијата на Проектот здравствена картичка кој има за цел модернизирање на евиденцијата помеѓу давателите и примателите на здравствените услуги, како и поедноставување на сложените административни процедури во областа на здравството.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **30.000** | **30.000** | **30.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 30.000 | 30.000 | 30.000 |
| **Вкупно** | **30.000** | **30.000** | **30.000** |

**Раздел 19001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Потпрограма ИА РЕФОРМА НА ЗДРАВСТВОТО

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма ќе се изврши набавка на хардверска опрема за потребите на Интегрираниот здравствен систем, наменета за сите јавни здравствени установи, Фондот за здравствено осигурување и Министерството за здравство. Во рамките на истата ќе се реализираат активностите за реконструкција на болниците финансирани од компонентата - Грантовска институција. Овие инвестиции и планираните обуки претставуваат поддршка за проширување на опфатот на реформите и политиките за приспособување на управувањето со јавниот сектор.Активностите во овој проект се реализираат преку следниве компоненти: креирање на политики и нивна имплементација, зајакнување на управувањето на ФЗО, подобрување на доставувањето на здравствените услуги и проектен менаџмент,следење и евалуација.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **18.000** | **22.616** | **0** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 4.850 | 7.690 | 0 |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 13.150 | 14.926 | 0 |
| **Самофинансирачки активности** | **500** | **0** | **0** |
| 787 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 500 | 0 | 0 |
| **Заеми** | **70.000** | **113.080** | **0** |
| 786 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 20.684 | 38.448 | 0 |
| 786 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 49.316 | 74.632 | 0 |
| **Вкупно** | **88.500** | **135.696** | **0** |

**Раздел 19001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Терминот Програми и Агенции на Заедницата е интегриран сет на активности усвоен од ЕУ поради промовирање на соработката помеѓу земјите членки на ЕУ во различни специфични области поврзани со политиките на ЕУ во период од неколку години кои се подготвуваат врз база на алокации од Генералниот Буџет на ЕУ. Учество во Програми и Агенции на Заедницата е овозможено и на земјите кандидати за членство во ЕУ и истите би им биле од голема корист за запознавање на нивните граѓани со политиките и методи на ЕУ. Секоја земја сама одлучува во кои Програми на Заедницата има интерес да учествува, а самото учество подразбира обврска за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ. Министерството за здравство е носител на Програмата Јавно здравство (Public health) која има за цел подобрување на здравственото осигурување на граѓаните, промовирање на здравството и ширење на знаење поврзано со здравството. Средствата планирани во рамките на оваа потпрограма се наменети за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **6.150** | **1.230** | **0** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 6.150 | 1.230 | 0 |
| **Донации** | **0** | **4.920** | **0** |
| 785 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 4.920 | 0 |
| **Вкупно** | **6.150** | **6.150** | **0** |

**Раздел 19101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

Потпрограма 3А АТРАКТИВНИ ПЛАНСКИ РЕГИОНИ

Опис и цели Планираните мерки и активности од оваа потпрограма ќе се спроведуваат во функција на постигнување на целите за рамномерен регионален развој. Средствата ќе се наменат за кофинансирање на тековните расходи на 8 центри за развој на планските региони во износ од 50% од Министерство за локална самоуправа и 50% од средствата на општините, вклучувајќи и нивен институционален развој. Паралелно ќе се финансираат проекти за развој на планските региони и подрачјата со специфични развојни потреби во согласност со прописите за класификација на планските региони според степенот на развиеност и прописите со кои се определуваат подрачјата со специфични развојни потреби.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **150.000** | **216.000** | **259.000** |
| 630 46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 150.000 | 216.000 | 259.000 |
| **Вкупно** | **150.000** | **216.000** | **259.000** |

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се опфатени активностите за реализација на Проектот - Локална инфраструктура за социјалана и економска кохезија чија основна цел е поддршка на имплементацијата на инфраструктурните проекти во селектираните општини, развој, имплементација, мониторинг и надзор над инфраструктурните проекти.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **25.830** | **73.185** | **10.455** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 3.444 | 0 | 0 |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 22.386 | 73.185 | 10.455 |
| **Донации** | **14.760** | **0** | **0** |
| 785 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 10.332 | 0 | 0 |
| 785 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 4.428 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **40.590** | **73.185** | **10.455** |

**Раздел 19101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

Потпрограма МБ ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА

Опис и цели Втората компонента од ИПА има за цел да ја зајакне соработката помеѓу пограничните региони на Република Македонија со сите соседни земји со цел обезбедување и развој на добрососедските односи, зајакнување на стабилноста, безбедноста и просперитетот во заедничките односи на сите земји и поттикнување на нивниот рамномерен развој. Координацијата на активностите околу реализацијата на средствата од втората компонента на ИПА е обврска пренесена на Министерството за локална самоуправа. За таа цел подготвени се програми за прекугранична соработка со трите соседни држави: Република Бугарија, Република Албанија и Република Грција.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **16.088** | **0** | **0** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 11.681 | 0 | 0 |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 4.407 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **16.088** | **0** | **0** |

**Раздел 21001 АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Потпрограма 2А ГЕОДЕТСКО КАТАСТАРСКИ ИНФОРМАЦИОНЕН СИСТЕМ

Опис и цели Реализацијата на оваа развојна потпрограма ќе придонесе за добивање на современ електронски систем за регистрација на недвижностите во РМ и добивање на ажурна графичка дигитална катастарска подлога која ќе коренспондира со алфанумеричката база на податоци, развој и имплементација на електронски систем за регистрација на недвижностите во рамките на Центарот за катастар на недвижности-Скопје. Проширување на капацитетот на системот и датабазата и нејзино прилагодување ќе овозможи имплеменатација на системот за е-катастар низ сите подрачни одделенија за КН низ РМ. Исто така се планира скенирање и дигитализација на архивски катастарски планови и скенирање на работни оригинали на катастарски планови. Со ова ќе се овозможи поефикасно решавање на предметите од корисниците и скратување на роковите за добивање на услугите од катастарот.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **30.000** | **30.000** | **30.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 30.000 | 30.000 | 30.000 |
| **Самофинансирачки активности** | **60.000** | **60.000** | **20.000** |
| 787 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 60.000 | 60.000 | 20.000 |
| **Вкупно** | **90.000** | **90.000** | **50.000** |

**Раздел 22001 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се опфатени активностите за реализација на Проектот- Формализација на системот за статистика со ЕУ. Преку овој проект ќе се поддржи развојот на целосен систем на производство на квалитетни статистики, вклучувајки воспоставување на унифициран систем на складирање на податоците и политика на метаподатоци, развојот на стандарди и насоки за производство и дисеминација на статистики и пристап до микро податоците, натамошниот развој на макроекономските и деловните статистики, како и подобрувања на дел од социјалните статистики (здравство, образование и криминалитет).

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **2.583** | **1.722** | **0** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 2.583 | 1.722 | 0 |
| **Вкупно** | **2.583** | **1.722** | **0** |

**Раздел 28001 БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ**

Потпрограма 1А РАМНОМЕРЕН И ОДРЖЛИВ РЕГИОНАЛЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Опис и цели Основни цели кои би се постигнале со реализација на потпрограмата се: финансирање на проекти во планските региони кои ќе се насочат за изградба на објекти од локален јавен интерес врз основа на предложени проекти од советите на осумте плански региони; финансирање на проекти во подрачјата со специфични развојни потреби кои ќе се насочат кон приоритетните проекти за изградба на објекти од локалната јавна инфраструктура и финансирање на проекти за развој на селата;

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **166.500** | **215.622** | **210.431** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 150.000 | 198.722 | 210.431 |
| 631 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 16.500 | 16.900 | 0 |
| **Вкупно** | **166.500** | **215.622** | **210.431** |

**Раздел 29010 СУДСКА ВЛАСТ**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Целта на проектот е понатамошно зајакнување на институционалниот капацитет на Академијата за обука на судии и јавни обвинители во рамките на која се врши организирање и спроведување на почетна обука на кандидати за судии и јавни обвинители и постојано стручно усовршување на судиите и јавните обвинители и на судските и обвинителските службеници.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **0** | **3.690** | **2.460** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 0 | 3.690 | 2.460 |
| **Вкупно** | **0** | **3.690** | **2.460** |

**Раздел 66001 АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

Потпрограма 2А ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТИШТА

Опис и цели Целта на оваа потпрограма е подобрувањето на патната мрежа во Република Македонија преку изградба на нови патни правци и рехабилитација на постојните патишта, а во функција на побрз економски развој, подобро регионално поврзување и повисок животен стандард. Оваа потпрограма опфаќа рехабилитација на патни делници од регионалната и локалната патна мрежа и изградба на нови делници (Радовиш-Струмица, Тетово-Јажинце, Куклиш-Банско, ски центар Кожуф, обиколница Охрид, крак Битола, трета лента Плетвар и др)

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Фондови** | **4.283.545** | **6.564.217** | **6.757.301** |
| 660 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 4.283.545 | 6.564.217 | 6.757.301 |
| **Вкупно** | **4.283.545** | **6.564.217** | **6.757.301** |

**Раздел 66002 ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Потпрограма 2А МЕДИЦИНСКА ОПРЕМА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈЗУ ВО РМ

Опис и цели Целта на оваа потпрограма е подобрувањето на здравствените услуги за граѓаните на Република Македонија, преку обезбедување на подобри услови за дијагностика, односно за давање на квалитетна здравствена заштита на пациентите.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Фондови** | **370.000** | **370.000** | **370.000** |
| 660 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 370.000 | 370.000 | 370.000 |
| **Вкупно** | **370.000** | **370.000** | **370.000** |

**Раздел 66003 АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Потпрограма БА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕТО

Опис и цели Целта на оваа потпрограма е преку активните мерки за вработување со кои ќе бидат опфатени одредени категории невработени лица да се овозможи нивно вклучување и задржување на пазарот на трудот. Во согласност со Оперативниот план опфатени се мерки кои се однесуваат на поддршка на семејните бизниси, вработување на самохрани родители, хендикепирани лица и деца без родители, формализирање на постојните бизниси, ангажирање на невработени лица во јавните работи во единиците на локалната самоуправа, обуки и сл.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Фондови** | **512.913** | **510.011** | **504.650** |
| 660 47 СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ | 512.913 | 510.011 | 504.650 |
| **Вкупно** | **512.913** | **510.011** | **504.650** |

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Буџетот на Република Македонија за 2009 година влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.

---

**3485.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА**

Се прогласува Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2008 година.

Бр. 07-5824/1 Претседател
29 декември 2008 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА**

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Буџетот на Република Македонија за 2009 година (во натамошниот текст: Буџетот) се извршува според одредбите на овој закон.

Член 2

Буџетските корисници и единките корисници се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно.

2. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ

Член 3

Буџетските корисници кои во својот состав имаат единки корисници се должни да го контролираат наменското и законитото користење на средствата со кои располагаат единките корисници.

Член 4

Буџетските корисници и единките корисници не смеат да преземаат обврски или да направат расходи над лимитот на одобрените средства со Буџетот.

Член 5

Техниката на наплата на приходите, извршувањето на расходите и управувањето со ликвидноста и долговите се врши во согласност со актите пропишани од министерот за финансии.

Член 6

Буџетските корисници од централната власт можат да ги користат средствата само доколку во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот, до Трезорот при Министерството за финансии достават годишен финансиски план по квартали, за користење на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки.

Буџетските корисници од централната власт кои во својот состав имаат единки корисници се должни до секоја единка корисник, во рок од пет дена од денот на донесувањето на Буџетот, да достават извадок од годишниот финансиски план по сметки, програми, потпрограми и ставки, во кој се содржани одобрените средства за одделните единки корисници.

Врз основа на извадокот од ставот 2 на овој член, единките корисници изготвуваат свој финансиски план по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки, кои имаат обврска да го достават до надлежното министерство, а надлежното министерство консолидирани-

от финансиски план да го достави до Министерството за финансии во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот.

Во текот на годината, буџетските корисници од централната власт можат да достават барање за измена на годишниот финансиски план по квартали, за користењето на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки, само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото е потребно да се достави образложение и ревидиран годишен финансиски план по квартали.

Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници од централната власт изготвуваат предлог на финансиски план за даден квартал, по месеци, по сметки, програми, потпрограми и ставки, кој го доставуваат до Трезорот при Министерството за финансии, најдоцна пет дена пред почетокот на кварталот за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Буџетските корисници од централната власт кои во својот состав имаат единки корисници се должни до Трезорот при Министерството за финансии да достават и збирен квартален план по месеци, по сметки, програми, потпрограми и ставки за своите единки корисници.

Во текот на дадениот квартал, буџетските корисници од централната власт можат да достават барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци, сметки, програми, потпрограми и ставки, во рамките на износите одобрени за дадениот квартал.

Средствата од Основниот буџет во Раздел 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата се користат без одобрување на финансиски план.

Во случај кога Владата на Република Македонија, односно министерот за финансии во рамките на законските овластувања одобрува средства од Раздел 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата на друг буџетски корисник, средствата се одобруваат како финансиски план (право на трошење) во разделот на буџетскиот корисник.

Член 7

Во период од шест месеца по донесувањето на Буџетот, буџетските корисници од централната власт се обврзани да реализираат најмалку 30% од планираните капитални расходи на ставките 481 - Градежни објекти, 482 - Други градежни објекти и 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини во соодветните потпрограми во нивните буџети.

Доколку буџетските корисници од централната власт не постапат согласно со ставот 1 од овој член, неискористените средства до пропишаниот лимит (остатокот до 30%), Министерството за финансии ги пренесува во Раздел 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата, Потпрограма 20 - Функции, ставка 480 - Резерви за капитални расходи.

Член 8

Исплатата на плати на буџетските корисници од централната власт и единките корисници ја контролира и одобрува Министерството за финансии. Буџетските корисници од централната власт и единките корисници се задолжени два дена пред исплатата на плати до Министерството за финансии да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулацијата за пресметани плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, плата, како и други податоци во пишана и електронска верзија (на ЦД, дискета, е-маил и друго), за односниот месец за кој се однесува исплатата.

Во случај на нови вработувања буџетските корисници од централната власт и единките корисници се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М -1.

Член 9

На избраните и именувани функционери кај буџетските корисници и единките корисници од денот на нивното именување заклучно со денот на нивното разрешување им следува надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството во висина од 30% од просечната месечна нето плата исплатена во Република Македонија во претходните три месеца.

Одвоен живот од семејството се смета кога лицата од ставот 1 на овој член кои имаат семејство за издржување засноваат работен однос во орган на управа надвор од нивното живеалиште, а во местото каде што е седиштето на органот во кој имаат засновано работен однос не живеат со нивното семејство.

Надоместокот за трошоците за одвоен живот не им припаѓа на лицата од ставот 1 на овој член, доколку местото на живеење е оддалечено помалку од 100 километри од местото на работење.

На избраните и именувани функционери кај буџетските корисници и единките корисници кои користат надоместок за одвоен живот од семејството не им следува надоместок за трошоците за превоз заради посета на потесното семејство.

Член 10

На лицата на кои им следува право на користење на службен стан согласно со закон, доколку истиот не може да им биде обезбеден, имаат право на надоместок за закупнина на стан. Владата на Република Македонија ќе ја определи висината на надоместокот за закупнина на стан.

Надоместокот на трошоците за одвоен живот и надоместокот за закупнина на стан меѓусебно се исклучуваат.

Член 11

Одредбите од членовите 9 и 10 на овој закон се применуваат и на лицата на служба во Армијата на Република Македонија и во Министерството за внатрешни работи, на кои им следуваат овие права согласно со закон.

Член 12

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор и отсуство од работа по која било друга основа, надоместокот за одвоен живот и паушал не се исплатуваат.

Член 13

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоци за ноќевање изнесува 800 денари.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

Доколку на вработениот му се обезбедени ноќевање, превоз и исхрана му следуваат 20% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

Член 14

Надоместокот за селидбени трошоци, на лица на кои им следува право на користење на службен стан, се исплатува во висина на вистинските трошоци за превоз на покуќнината.

Надоместокот за селидбени трошоци не следува доколку на вработениот му се исплатува надоместок за одвоен живот.

Член 15

Во случај на боледување подолго од шест месеца и во случај на потешки последици од елементарни непогоди, во смисла на Законот за заштита и спасување, на вработениот му се исплатува помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен.

Член 16

Во случај на смрт на вработениот на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од 30.000 денари.

На вработениот во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување), доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари по семејство.

Живеењето во заедница подразбира вработениот и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со соодветен документ за идентификација (лична карта или пасош).

Надоместоците од ставовите 1 и 2 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната, односно во наредната година.

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

Член 17

Буџетските корисници кои се финансираат исклучиво од приходи остварени од самофинансирачки активности, правата стекнати по основ на членовите 9, 10, 13, 14, 15 и 16 од овој закон ги исплаќаат од приходите остварени од самофинансирачки активности.

Член 18

Буџетските корисници и единките корисници на средства од Буџетот на Република Македонија, јавните претпријатија, агенции и јавно-правните субјекти основани од централната власт, како и трговските друштва основани од Република Македонија, освен независните регулаторни тела со јавни овластувања утврдени со закон, можат да вработуваат работници на определено време, на неопределено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања, за вршење на привремени работи само под услов ако за тоа се обезбедени финансиски средства во Буџетот на Република Македонија, односно во финансиските планови за тековната фискална година.

Јавните претпријатија, агенциите и јавно-правните субјекти основани од централната власт, како и трговските друштва основани од Република Македонија можат да вработуваат работници на начин утврден во ставот 1 од овој член само ако немаат прикажано загуба од нивното финансиско работење во годишната сметка за претходната година.

Министерството за финансии во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето за вработување на нови работници, писмено ги известува субјектите од ставот 1 на овој член за обезбедените финансиски средства за бараните вработувања.

2.1. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ РАСХОДИ УТВРДЕНИ ВО ОСНОВНИОТ БУЏЕТ

Член 19

Средствата утврдени во Раздел 040.01 - Влада на Република Македонија, Потпрограма 10 - Администрација, ставка 463 - Трансфери до невладини организации, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата на граѓани и фондации, ќе се користат врз основа на одлука на Владата на Република Македонија, на предлог на комисија формирана од Владата.

Здруженијата на граѓани и фондации до Владата на Република Македонија - Генерален секретаријат доставуваат програми за намената на бараните средства, по претходно распишан оглас.

Член 20

Средствата утврдени во Раздел 040.02 - Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Потпрограма 1А - Реконструкција на згради на владини органи, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Македонија на предлог на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Член 21

Средствата утврдени во Раздел 040.10 - Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, Потпрограма К5 - Соодветна и правична застапеност на заедниците, ќе се користат за вработување на припадници на заедниците кај буџетските корисници и единките корисници од централната власт, по претходно одобрение на координативното тело за соодветна и правична застапеност формирано од Владата на Република Македонија.

Член 22

Во Раздел 090.02 - Министерството за финансии - Функции на државата, Потпрограма 20 - Функции, ставка 426 - Други тековни расходи, се обезбедуваат средства за плаќање на провизии за платен промет и за извршени услуги, трошоци за вештачење и увид по судски постапки, трошоци за извршители, надоместоци за комисии и други трошоци.

Член 23

Средствата утврдени во Раздел 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата, Потпрограма 20 - Функции, категории 45 - Камати и 49 - Отплата на главнина, за отплата на камата и главнина по основ на

странски и домашен долг, како и средствата утврдени во Потпрограмата 20 - Функции, ставка 486 - Финансиски средства наменети за плаќање на гаранции на државата, ќе се извршуваат согласно со одредбите од склучените договори, без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена.

Член 24

Средствата за финансирање на проектите од одделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ), индикативно се планирани во Раздел 090.02 - Министерство за финансии -Функции на државата, освен средствата за национално кофинансирање на петтата компонента од ИПА - Рурален развој кои се планирани во Раздел 140.04 - Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

При ненавремен трансфер на средствата од ЕУ наменети за финансирање на проектите од одделните компоненти од ИПА средства ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија согласно со интерните процедури на Министерството за финансии.

При извршување на Буџетот на Република Македонија приоритет во исплатата на средства ќе има финансирањето на проектите од одделните компоненти од ИПА.

Член 25

Средствата утврдени во Раздел 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата, Потпрограма 20 - Функции, ставка 463 - Трансфери до невладини организации, ќе се користат за финансирање на програмските активности на политичките партии и здруженијата на граѓани на лица со посебни потреби, спортски организации и Црвениот крст на Република Македонија.

Средствата наменети за финансирање на програмските активности на политичките партии ќе се распределуваат согласно со Законот за финансирање на политичките партии.

Средствата наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата на граѓани на лица со посебни потреби ќе се користат според Законот за инвалидски организации и утврдените критериуми за стекнување на правото на користење на средства од игри на среќа, во согласност со одлука на Владата на Република Македонија.

Средствата наменети за финансирање на програмските активности на спортските организации и Црвениот крст на Република Македонија ќе се користат со одлука на Владата на Република Македонија врз основа на годишни програми.

Член 26

Во Раздел 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата, Потпрограма 20 - Функции, ставка 464 - Разни трансфери, се обезбедуваат и средства за плаќање на судски решенија. Овие средства ќе се извршуваат без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена.

Член 27

Во Раздел 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата, Потпрограма 20 - Функции, ставка 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини, се обезбедуваат и средства за плаќање на данок на додадена вредност и акцизи за реализација на проекти врз основа на договори меѓу Владата на Република Македонија и странски донатори, во кои стои клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на даноци. Овие средства ќе се извршуваат без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена.

Поблиски прописи за начинот на спроведување на одредбите од ставот 1 на овој член донесува министерот за финансии.

Член 28

Средствата утврдени во Раздел 090.04 - Агенција за стоковни резерви, Потпрограма 20 - Управување со стоковни резерви, ставка 484 -Стратешки стоки и други резерви, се користат по претходно донесена програма за формирање на стоковните резерви за 2009 година од Владата на Република Македонија, на предлог на Агенцијата за стоковни резерви.

Член 29

Средствата утврдени во Раздел 130.01 - Министерство за транспорт и врски, Потпрограма 30 - Урбанизам и градежништво, ставка 488 -Капитални дотации до ЕЛС, се користат по претходно донесена програма за распределба и користење на средства по одделни проекти и општини од страна на Министерството за транспорт и врски.

Средствата утврдени во Раздел 130.01 - Министерство за транспорт и врски, Потпрограма 3Б - Водоснабдителни и канализациони системи во РМ, ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС, се користат по донесена одлука на Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за транспорт и врски, по претходно распишан оглас и доставени барања.

Средствата утврдени во Раздел 130.01 - Министерство за транспорт и врски, Потпрограма ДА - Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 482 - Други градежни објекти и ставка 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации се користат по донесени годишни планови за изградба, реконструкција, модернизација, ремонт и одржување од Владата на Република Македонија на предлог на Министерството за транспорт и врски.

Средствата утврдени во Раздел 130.01 - Министерство за транспорт и врски, Потпрограма ДА - Инвестиции во железничката инфраструктура, планирани на ставки 461 - Субвенции за јавни претпријатија, согласно со Законот за железници и 464 - Разни трансфери, се користат согласно со донесени одлуки од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за транспорт и врски.

Средствата утврдени во Раздел 130.01 - Министерство за транспорт и врски, Потпрограми 21 - Изградба на Северна трибина на Градскиот стадион, 2Б - Источна и Западна трибина на Градскиот стадион, 2В - Изградба на социјални станови, 2Г - Доградба на ГТЦ и 3А - Каскадни прегради на реката Вардар, се користат по претходно донесени одлуки од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за транспорт и врски.

Член 30

Средствата утврдени во Раздел 140.01 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Потпрограма 40 - Ветерина, ставка 464 - Разни трансфери и во Потпрограма 51 - Заштита на растенија, ставка 464 - Разни трансфери, ќе се користат по претходно донесени програми од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 31

Средствата утврдени во Раздел 140.04 - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, Потпрограма 20 - Финансиска поддршка во земјоделството, ставка 464 - Разни трансфери, како и средствата утврдени во Потпрограма 2А - Финансиска поддршка на руралниот развој, ставка 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, ќе се користат по претходно донесени програми од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 32

Средствата за исплата на детски и родителски додаток утврдени во Раздел 150.20 - Социјална заштита, Потпрограма 43 - Надоместоци по основ на права од детска заштита, ставка 471 - Социјални надоместоци, ќе се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Македонија и комплетирана документација од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Член 33

Средствата за извршување на обврските на Република Македонија по основ на пензиско и инвалидско осигурување утврдени со закон, во Раздел 150.20 - Социјална заштита, Потпрограма 46 - Поддршка на социјални фондови, ставка 431 - Трансфери до Фондот за ПИОМ и во Раздел 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата, Потпрограма 26 - Реформа на државната администрација, ставка 431 -Трансфери до Фондот за ПИОМ и Потпрограма 24 - Реформа на Министерството за одбрана, ставка 431 - Трансфери до Фондот за ПИОМ, се исплатуваат на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија по претходно доставена пресметка од Фондот до Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика.

Член 34

Средствата утврдени во Раздел 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата, Потпрограма 20 - Функции, ставка 433 - Трансфери до Фондот за здравство, ќе се користат врз основа на претходно доставена пресметка од Фондот за здравствено осигурување на Македонија до Министерството за финансии.

Член 35

Средствата за извршување на обврските на Агенцијата за вработување на Република Македонија, утврдени во Раздел 150.20 - Социјална заштита, Потпрограма 46 - Поддршка на социјални фондови, ставка 432 - Трансфери до Агенцијата за вработување и во Раздел 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата, Потпрограма 22 -Преструктуирање на претпријатијата загубари, ставка 432 - Трансфери до Агенцијата за вработување, Потпрограма 23 - Преструктуирање на ЈП Македонски железници, ставка 432 - Трансфери до Агенцијата за вработување, Потпрограма 25 - Преструктуирање на водостопански претпријатија, ставка 432 - Трансфери до Агенцијата за вработување и Потпрограма 26 - Реформа на државната администрација, ставка 432 -Трансфери до Агенцијата за вработување, ќе се користат преку Агенцијата за вработување на Република Македонија, по претходно доставена пресметка од Агенцијата до Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика.

Член 36

Средствата утврдени во Раздел 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата, Потпрограма 20 - Функции, ставка 487 - Капитални трансфери до вонбуџетски фондови, ќе се користат врз основа на донесена годишна програма на Агенцијата за државни патишта од страна на Владата на Република Македонија, а по претходно доставено писмено барање од Агенцијата до Министерството за финансии.

Член 37

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Агенцијата за државни патишта до Министерството за финансии доставуваат полугодишен и годишен извештај со образложение за висината и намената на искористените средства од членовите 34, 35 и 36 на овој закон, како и образложение за преземените и планирани мерки за зголемување на наплатата на даночните и неданочните приходи во нивна надлежност и предлози за намалување на трансферите, најдоцна еден месец по завршување на извештајниот период.

Член 38

Средствата за заштита на социјално загрозеното население утврдени во Раздел 150.20 - Социјална заштита, Потпрограма 41 -Надоместоци по основ на права од социјална заштита, ставка 471 - Социјални надоместоци, ќе се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Македонија и оформена документација од страна на центрите за социјална работа.

Член 39

Средствата утврдени во Раздел 160.01 - Министерство за образование и наука, Потпрограма SA - Изградба на основни училишта и SБ - Реконструкција на основни училишта, се користат по претходно донесена програма за изградба и реконструкција на основни училишта од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука.

Средствата утврдени во Раздел 160.01 - Министерство за образование и наука, Потпрограма SГ - Изградба на средни училишта и SД - Реконструкција на средни училишта, се користат по претходно донесена програма за изградба и реконструкција на средни училишта од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука.

